Република Македонија
Општинско Основно Училиште
ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО
Бр 02-212
05.05.2011 год.
КАВАДАРЦИ

ООУ„Тошо Велков – Пепето“
Кавадарци

***„Сонцето грее подеднакво за сите“***

Врз основа на Записник бр.02-193 на УО на ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци на состанокот одржан на ден 05.05.2011 год. година донесе

# О Д Л У К А

За донесување План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

**Член 1**

УО на на ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци го усвои Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

**Член 2**

Планот претходно има добиено **МИСЛЕЊЕ дел. бр. 10-76/2 од 24.02.2011 год.** од дирекцијата за заштита и спасување

**Член 3**

Истиот е со важност од денот на донесувањето на одлуката.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседател на УО

/Розалија Ризова/

ООУ„Тошо Велков – Пепето“
Ул. „Нов Белград“ бб
Тел. Факс. 043 418 191
Кавадарци
e-mail. tosovelkovpepeto@yahoo.com

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Бр. 10-76/2
24.02. 2011 год.
Кавадарци

ООУ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ
Примено: 28.02.2011

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03- | 63/2 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Подрачно одделение за заштита и спасување Кавадарци
Ул 7 ми Септември бр.49 Кавадарци тел.043 415 226

Врз основа барањето бр.03-63/1 од 17.12.2010година,а во согласност со член 14 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/2004,49/04 и 86/08) Дирекцијата за заштита и спасување-ПО Кавадарци разгледа доставениот План за заштита и спасување на **Општинското основно училиште "Тошо Велков-Пепето" Кавадарци** и го дава следното

**М И С Л Е Њ Е**

**Процена на загрозеност** е изработена согласно Методологијата за содржината и начинот на на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на РМ бр.76/2006),односно ги содржи потребните елементи врз основа на кои се изработува на Планот за заштита и спасување.

Во истата во оптимална мерка се опфатени потребните општи карактеристики на локацијата и непосредното опкружување,како и процената по мерките за заштита и спасување.

Во **Планот за заштита и спасување,**иако насловите не се прилагодени спрема спомenatата методологија, застапени се потребните превентивни и оперативни мерки и постапки по пооделните мерки за заштита и спасување и тоа за: -Засолнување;
-Спасување од урнатини;
-Заштита и спасување од пожари;
-Прва медицинска помош;
-РХБ заштита ;
-Заштита и спасување од поплави;

Во наведените планови,потребно е покрај дадените прегледи на потребните средства за за заштита и спасување(ЗС),да се наведат и одговорни лица за реализирање на постапките при поединмечните мерки за ЗС .

Во делот на заштита и спасување од пожари,оправдано е изготвен и посебен **оперативен план за за заштита и спасување од пожари,**кој воглавно ги содржи потребните елементи,но содржи и извесни непрецизности и недостатоци и тоа:

-Во случај на интервенција Територијалната против пожарна единица-ТППЕ(при пожар од поголем обем) со целокупната акцијана гасење не раководи какошто е нагласено Директорот на училиштето,туку командирот на ТППЕ, односно командирот на екипата која интервенира.

-Потребно е во планот како прилог да содржи преглед на субјекти со телефони и одговорни лица (покрај ТППЕ),од кои по потреба би се барала помош(подрачно одделение за ЗС,Центар за управување со кризи,Полициска станица,ЕЛС ,ЈЗУ Општа болница,Здравствен дом,Црвен крст и други),кој освен за загрозеност од пожари е потребен и при заштитата и спасувањето од другите видови на опасности-загрозувања.

-Приложениот графички план за заштита од пожари,потребно е да се докомплетира ознака на објекти (или делови од нив) осетливи на пожари,противпожарни правци,собирни места за евакуација-со комплетирање на истите во легендата со соодветни знаци.

**Заклучок :**Се дава **позитивно мислење** на Планот за заштита и спасување,со напомена дека истиот тековно треба да се ажурира и докомплетира,пришто тежиштe треба да се даде на обезбедувањето на потребните средства за заштита од пожари и давање прва медицинска помош,како и обуката-оспособување на вработените за примена на истите.

По овластување,
Сов.Борислав Боев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Подрачно одделение за заштита и спасување
Кавадарци

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
''ТОШО ВЕЛКОВ – ПЕПЕТО''
КАВАДАРЦИ

# П Л А Н

## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

______________________

______________________
(дата)

Општинско Основно Училиште ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО Република Македонија КАВАДАРЦИ

(потпис и печат)

Република Македонија
Општинско Основно Училиште
ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО
Бр 02-193/2
05-05-2011 год.
КАВАДАРЦИ

# ООУ "ТОШО ВЕЛКОВ – ПЕПЕТО " – КАВАДАРЦИ

# П Л А Н

## За заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи

Училишен одбор
Претседател
____________

## 1.2 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЕВАКУАЦИЈА

- Вработените навеременo ги известуваат корисниците на услугите за потребата од евакуација;
- Вработените се ангажираат за своја безбедна евакуација на учениците и корисниците на услуги од објектот до надворешноста-до безбедно место надвор од објектот.

## 1.3 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПОСЛЕ ЕВАКУАЦИЈА

- Вработените после евакуацијата вршат увид на бројната состојба на евакуираните вработени, ученици и корисници на услуги;
- Вработените вршат увид дали има повредени;
- Вработените на повредените им укажуваат прва помош;
- Вработените повикуваат медицинска екипа од единицата за брза помош на градот на тел. Бр. 194

# 2. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Засолнувањето на вработените, учениците и корисниците на услуги и материјалните добра (документи, инвентар и др) опфаќа активности и мерки, планирање и обезбедување на соодветен простор за заштита односно прилагодување, преадаптирање и уредување на постоечките објекти за заштита.

За засолнување се формира тим од вработени кои се задолжени да ги организираат вработените, учениците и другите присутни и тоа:

**1.Маријонка Ласкова**
**2.Трајко Павлов**

## 2.1 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРЕД ЗАСОЛНУВАЊЕ

Треба да се одржува во исправна состојба просторот предвиден за засолнување, како би можел полесно да се преадаптира и да се испразни најмалку за 48 часа.

## 2.2 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ЗАСОЛНУВАЊЕ

- Вработетените организирано се засолнуваат во адаптираните засолништа

## 2.3 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРЕД УРИВАЊЕ

- Вработените се грижат безбедно да го напуштат засолништето, односно адаптираната просторија за засолнување.
- Вработените се грижат за безбеден престој во засолништето.

## 3. ЗАШТИТА И САПСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Во случај на природни непогоди и други несреќи може да дојде до делумно или целосно оштетување или уривање на објектот.Во зависност од степенот и видот на несреќите ќе зависи и видот и степенот на оштетувањето на објектот.Во случај на уривање и затрупување на објектот ќе бидат загрозени по живот или од повреда сите присутни, вработени ученици или корисници на услуги.

За организирање на вработените, учениците и сите други присутни во објектот за заштита и спасување од урнатини се формира тим од вработени и тоа во состав:

**1.Снежана Митрева**
**2.Весна Јованова**

## 3.1 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРЕД УРИВАЊЕ

- Вработените постојано да го набљудуваат објектот заради евентуални промени на состојбата на објектот;
- Доколку вработените забележат промени во објектот кои ја загрозуваат стабилноста го известуваат директорот и бараат помош од стручни екипи.

## 3.2АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПОСЛЕ УРИВАЊЕ

- Откривање и вадење на настрадани лица од урнатините;
- Давање прва помош на повредените;
- Повикување на медицинска екипа од единицата за брза помош на градот на тел. Бр 194;
- Утврдување на причините за уривање на објектот;
- Утврдување на штетата од страна на комисија сочинета од претставници на училиштето и осигурителната компанија;
- Расчистување на урнатините од објектот и доведување во нормална функција.

## 4.ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Училиштето може да биде поплавено при дефект на топловодна, водоводна и противпожарна хидрантска мрежа и во случај на поголемо излевање на реката Луда Мара. Во случај на опасност од поплава ќе бидат превземени превентивни мерки за заштита на луѓето и материјалните добра и превземени мерки за отстранување на опасноста со употреба и користење на расположливите средства и опрема (пумпа за вода, кофи и друг алат) и мерки за отстранување на последиците.

Заради тоа се формира тим од вработени кои ќе раководи со акцијата за заштита и сапсување од поплави и тоа во состав:

**1.Димитар Мукаетов**
**2.Златко Николов**

## 4.1АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРЕД ПОПЛАВА

- Кога ќе се добие известување за излевање на реката Луда Мара или за подземни води од надлежните служби на градот се превземаат мерки за изградба на водени брани околу училиштето;
- Доколку се работи за можна поплава поради дефект или неисправност на инсталациите (водоводна, топловодна или противпожарна хидранска заштита) се превзимаат мерки за црпење и исфрлање на водата со постоечките расположливи средства и опрема.

- Се врши евакуација на материјалните добра, документацијата и подвижниот инвентар од училиштето на безбедно место;
- Се врши навремено евакуирање на вработените учениците и други лица:
- Се врши редовна контрола и одржување на инсталациите (водоводна, топловодна ипротивпжарна хидрантска мрежа) од кои се заканува опасност од поплавување на училиштето.

## 4.2 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОПЛАВА

- За време на поплава од инсталациите на објектот се затвораат главните вентили за довод;
- Вработените вршат испумпување на излеаната вода:
- Вработените повикуваат помош од противпожарната служба на градот на тел. Бр 193.

## 4.3 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПОСЛЕ ПОЛАВА

- Утврдување на причините за настанување на поплава;
- Проценка на штетата од страна на комисија составена од страна на вработенити и осигурителната компанија;
- Расчистување на последиците од поплавата и доведување на училиштето во нормална функција.

# 5. ЗАШТИТА И САПСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ

Се проценува дека во објектот може да дојде до појава на пожар во повеќе случаи и тоа: неисправна електрична инсталација и потрошувачи, од невнимание на вработените и корисниците на услуги (фрлање на неизгаснати отпушоци и догорчиња и употреба на недозволени електрични потрошувачи), несоодветна употреба на хемиски и други средства и опрема кои се лесно запаливи или предизвикуваат исктрење, од атмосферско празнење (гром), при појава на експлозии и др.Во случај на пожар обврска е на сите вработени да учествуваат во локализирање и гаснење на истиот со сите расположливи средства за ПП заштита (ПП апарати и ПП хидранти) и други приручни средства.

За организирање на вработените за гаснење на пожар се формира тим од вработени и тоа:

**1.Ванчо Панов**
**2.Душан Крстев**

## 5.1 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРЕД НАСТАНУВАЊЕ НА ПОЖАР

- Редовно одржување и контролирање на електричната инсталација и електричните потрошувачи;
- Редовно одржување на средствата и опремата за гаснење на пожари (противпожарни апарати и против пожарни хидранти)
- Редовна контрола на громобранската инсталација;
- Проверка на знаењето на вработените за практична примена на средствата и опремата за гаснење на пожар:
- Редовна контрола на системот за дојава на пожар.

## 5.2 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПОЖАР

- Навремено откривање на настанат пожар од страна на вработените;
- Вработените ги известуваат корисниците на услуги и учениците за настанатиот пожар и вршат нивна евакуација;
- Вработените го гаснат настанатиот пожар со средаствата и опремата со кои училиштето е обезбедено;
- Вработените бараат помош од противпожарната единица на градот на тел. Бр 193.

## 5.3 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПОСЛЕ ПОЖАР

- Утврдување на причините за настанатиот пожар;
- Утврдување на штетата од настанатиот пожар од страна на комисија составена од вработени и осигурителната компанија;
- Расчистување на објектот и доведување во нормална функција.

# 6. ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

Во случај на природни непогоди и други несреќи може да дојде до појава на разни повреди и загрозување на животот на вработените учениците и корисниците.

Поради тоа се јавува потреба од планирање и организирање на сили и средства за укажување на прва медицинска помош. Во укажувањето на прва медицинска помош ке учествуваат сите вработени а со нив ќе раководи тим од вработените кои се обучени за тоа во состав :

**1.Соња Ристовска**
**2.Марика Окардова**

## 6.1 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПРЕД ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

- Редовна контрола на средствата и опремата за прва медицинска помош;
- Проверка на вработените на укажување на прва медицинска помош.

## 6.2 АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ ДАВАЊЕ НА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

- Вработените вршат утврдување на настанатите повреди кај повредените лица;
- Вработените вршат давање на прва медицинска помош со средства и опрема кои се на располагање;
- Повикување медицинска екипа од единицата за брза помош на градот на тел. Бр 194

## 7. ЗГРИЖУВАЊЕ НА НАСТРАДАНИТЕ И ЗАГРОЗЕНИТЕ

Згижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на услови за живот на настраданото и загрозено население.

Републиката и Единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението поради природни непогоди и други несреќи.

Во случај да има настрадани и загрозени а училиштето да нема можност за нивно згрижување поради тоа истите ќе бидат згрижувани во најблиските јавни установи и служби специјализирани за тие потреби

## 8. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќаат мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Во спроведувањето на мерките и активностите за Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ќе учествуваат сите вработени а со нив ќе раководи тим од вработени обучени за тоа во сотав:

**1.Орхидеа Димова**

**2.Душанка Крстева Андонова**

## 8.1 ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ, УЧЕНИЦИТЕ И МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА ОД РХБ ОПАСНСТИ

РХБ заштитата на луѓето, материјалните средства и документацијата во ООУ "Тошо Велков-Пепето" подразбира мерки, постапки, средства и објекти кои штитат од ударното топлотното и почетното радиоактивно дејство на нуклеарни оружја и од РХБ контаминација.

Во случај на претходно најавена опасност со знакот за тревога со користењето на заштитните средства и со засолнувањето во подрумските помошни адаптирани простории со кои располага, вработените и учениците обезбедуваат делумна или потполна заштита.

РХБ контрола се врши за благовремено откривање на РХБ ударите и мерење на нивните елементи преку добиените информации и инструкции од страна на Дирекцијата за заштита и сапасување.

Дозиметриска контрола се прави од страна на обучено лице од редовите на тимот кој ќе раководи со акцијата, кое воедно врши обучување за правилно читање на личните дозиметри.

За секое мерење со дозиметрите се води посеба евиденција.

Лична заштита во случај на дадена опасност се предвидува дека во училиштето ќе останат околу ____ вработени распоредени по работна обврска во било кој состав.

Колективна РХБ заштита во ООУ "Тошо Велков-Пепето" ќе се употреби на таков начин што сите ќе се засолнат во т.н просторија скривница.

РХБ деконтаминација на луѓето, облеката и опремата ќе се прави со помош на сите вработени.

Деконтаминацијата ќе се врши во санитарните простории на училиштето истите се опремени со чешма за вода.

За деконтаминација на материјално техничките средства ќе се користат прскалка, пумпи, хидранти и чешмите од градскиот водовд.

При изведувањеето на деконтаминацијата ќе се користат и други приручни средства, како и разни средства за одржување на хигиена: сапуни, детергенти, шампони и сл.

Во услови кога училиштето нема да биде во состојба целосно да ја извршува деконтаминацијата на луѓето и опремата ќе се побара помош и користење на пунктовите за деконтаминација на станиците за деконтаминација на Општина Кавадарци.

## ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Превентивните мерки за заштита и спасување ги опфаќаат стандардите и нормативите при планирањето и уредувањето на просторот, спроведувањето на активностите и мерките за навремено предупредување на населението односно вработените и учениците за можни опасности и обезбедување на материјални средства за обезбедуванње на лична и колективна заштита како и кадровски опремен и обучен потенцијал.

## ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Оперативни се сите мерки за заштита и сапасување кои се остваруваат преку планирање, организирање и превземање активности и мерки во случај на непосредна опасност за време на траење на опасноста и отстранување на последиците од опасноста.

ПЛАН ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОС ПОЖАР

Цели и задачи: Активности и мерка за заштита од пожари

Акцијата има за цел кај вработените, учениците или случајни лица затекнати во ООУ „Тошо Велков Пепето"-Кавадарци да се создаде обрврска да учествуваат во локализацијата и гаснењето на пожари.

ПЛАН ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

Од страна на стручни лица да се изготви шема-распоред на просториите на ООУ „Тошо Велков Пепето"-Каваадрци на подрум,приземје и спрат и на местата каде има поставено ПП апарати и хидранти.
Се прави распоред за евакуација со користење влезно-излезни простории.